Уп. бр. 08-116

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ленис Интермедиате, Инц. (*Lenis Intermediate, Inc.*), со регистрирано седиште на 1209, Оранге Стреет, Вилмингтон, Делавер, 19801 Округ Њу Касл, САД преку Адвокатско друштво Дебарлиев Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 01.08.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Ленис Интермедиате, Инц. (*Lenis Intermediate, Inc.*), со регистрирано седиште на 1209, Оранге Стреет, Вилмингтон, Делавер, 19801 Округ Њу Касл, САД ќе стекне единствена контрола врз ЛЕНИС фармацевтика д.о.о. (*LENIS farmacevtika d.o.o)*, со деловна адреса на Литостројска цеста 52, 1000, Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Ленис Интермедиате, Инц. (*Lenis Intermediate, Inc.*), со регистрирано седиште на 1209, Оранге Стреет, Вилмингтон, Делавер, 19801 Округ Њу Касл, САД со која Ленис Интермедиате, Инц. ќе стекне единствена контрола над ЛЕНИС фармацевтика д.о.о. (*LENIS farmacevtika d.o.o)*, со деловна адреса на Литостројска цеста 52, 1000, Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Ленис Интермедиате, Инц**. е холдинг компанија која врши активности на холдинг друштво, како единствена деловна активност. Ленис Интермедиате, Инц. нема економски активности и нема регистрирани зависни друштва на територијата на Северна Македонија.

**Ленис фармацевтика д.о.о** дава комплет услуги како регионален дистрибутер од Словенија за специјализирани („niche“) лекови и лекови кои се издаваат со рецепт (лекови со рецепт), во Централна и Источна Европа. Покрај обезбедување на овластувања за ставање на лек во промет, истото управува и со разни форми на Програми за ран пристап (*EAP*) и врши увоз на нелиценцирани лекови, а обезбедува и решенија за недостиг на лекови преку адресирање на привремени прекини во снабдувањето со лекови што се инаку достапни.

Во Република Северна Македонија, Ленис фармацевтика д.о.о има едно регистрирано зависно друштво во целосна сопственост – МЕДИКОФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 5690781, со регистрирана адреса на ул. Борис Трајковски бр. 286, 1000 Скопје, Северна Македонија и регистрирана деловна активност 73.200 - Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**